# УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВА, ИЗРАБОТКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУД ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ ВО СКОПЈЕ

1. Студентот може да пријави дипломска тема доколку има освоено 200 ЕКТС кредити на четиригодишни студии, а право на одбрана стекнува откако ќе ги положи сите предвидени предмети и ги исполни условите и обврските, според Студиската програма.

2. Насловот на темата на дипломскиот труд ја предлага предметниот наставник во договор со студентот, од претходно потврдени наслови на теми на Наставно-научниот совет на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје. Насловите на темите ќе бидат објавени на огласната табла и веб страната на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје.

3. Дипломскиот труд се пријавува од наставно-научната област што се изучува на Факултетот и се работи под менторство на наставник кај кој се слушал и полагал најмалку еден предмет во текот на студирањето.

4. Дипломскиот труд студентот го избира така што:

- ќе пополни пријава за изработка на дипломски труд, во делот од пријавата што треба да ја пополни студентот (ПРИЛОГ 1, достапен во службата за студентски прашања или на веб-страната на Факултетот);
- ќе ја предаде пријавата во службата за студентски прашања каде што ќе се направи проверка за исполнетост на условите за пријава на тема;
- ќе добие писмена согласност од менторот за темата (потпис на пријавата), по што истата ќе ја достави во службата за студентски прашања.

5. Изработката на дипломскиот труд и предлог комисијата за оценка и одбрана го одобрува деканот (продеканот за настава по овластување на деканот).

6. Пишаниот дипломски труд претставува самостојна работа на студентот.

7. Рокот за изработка на дипломскиот труд е 12 месеци од денот на пријавување. На образложено објективно барање на студентот, потпишано од менторот, деканот (продеканот за настава по овластување на деканот) може да го продолжи овој рок, но не подолго од 6 (шест) месеци.

8. Дипломскиот труд се пишува на македонски јазик, со исклучок на мерните единици од SI-системот, симболи, стручни термини и користена литература.

9. Дипломскиот труд:

- треба да содржи насловна страна со името на Универзитетот и Факултетот, име и презиме на студентот, наслов на дипломскиот труд, град, месец и година (Пример 1-насловна страна);

- на првата страна треба да содржи име и презиме на менторот и членовите на Комисија за јавна одбрана на дипломскиот труд со место за потпис, место за оценка и ЕКТС-оценка и датум на одбрана (Пример 2 - прва страна);
- треба да има содржина, вовед, материал и метод на работа, резултати (или други поглавја што се обработуваат во дипломскиот труд, а се поврзани со темата која се обработува), заклучоци и користена литература;
- треба да биде напишан на македонски јазик, со исклучок на симболи, стручни термини и користена литература. Се пишува во македонска поддршка со фонт Times New Roman или Arial, со големина 12 и проред 1,5, латинските називи се пишуваат во Italic, а табелите, графиконите и сликите да се нумерираат со арапски цифри;
- треба да биде напишан на А4-формат, со маргини на страниците 2.5 см горе и долу, 3.5 см лево и 2.0 см десно, и вертикално израмнет текст;

10. Дипломскиот труд треба да содржи користена литература, каде по азбучен ред ќе бидат наведени авторите кои што се наведени и користени во изработка на дипломскиот труд, на пример:

- Antony, Edna., Singandhupe R. B. (2004) Impact of drip and surface irrigation on growth, yield and WUE of capsicum (Capsicum annum L.). Agricultural Management 65, 121-132. Elsevier
- Танасковиќ, В., Чукалиев, О., Иљовски, И., (2006) Примена на методот на воден биланс за определување на потрошувачката на вода (ЕТ) кај доматот. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, година 51, стр. 65-74, Скопје, Р. Македонија

11. Студентот по изработката на дипломскиот труд го предава трудот во 6 (шест) печатени примероци до службата за студентски прашања (пополнува молба, Прилог 2).

12. Комисијата во рок од 30 дена, го прегледува и оценува трудот. По позитивната оценка на трудот, се објавува јавна одбрана на огласната табла на Факултетот, 3 дена пред одбраната.

13. Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од јавна презентација на трудот (до 15 минути), од страна на кандидатот и одговарање на поставените прашања од страна на Комисијата, а во врска со проблематиката што е предмет на трудот.

14. Комисијата пополнува записник од одржаната јавна одбрана и јавно ја соопштува донесената оценка и одлуката по завршената одбрана (прилог-записник од протокол за јавна одбрана).